ЗДРУЖЕНИЕ НА ГРАЃАНИ ЗА СОЦИЈАЛЕН И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

ИН ВИВО – СКОПЈЕ

IN VIVO

DO GOOD, DO IT RIGHT

ЗАВРШЕН ПРОГРАМСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

СОДРЖИНА

1. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2020
2. АКТИВНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2020
3. ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ
4. ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ
5. СТРАТЕГИЈА ЗА 2021

1. ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО ЗА 2020

a. КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА ЗА ОСНОВАЧИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО
b. ПРЕДСТАВУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЛИЦА
c. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАЧКИ АКТИВНОСТИ
d. ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

а). КОНТИНУИРАНА ЕДУКАЦИЈА НА ОСНОВАЧИТЕ И ЧЛЕНОВИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите)

Времетраење: 2020

Буџет за едукација 2020 година: 30,000 МКД

Цел:

- Запознавање на основачите и членовите на Здружението со:
    - Организациски раст и развој на Здружението
    - Добро управување со Граѓанските Организации
    - Можности за генерирање на фондови
    - Иднината на социјалното претприемништво
    - Други теми од интерес

Активности:

- Соработка со Здруженија и фондации кои организираат обуки
- Вмрежување со Здруженија и фондации кои, освен теоретските познавања, имаат и соодветни теренски активности во практикување и спроведување на нивните цели

Постигнат резултат:

- Присуство на една обука (‘во живо’) организирана од страна на Граѓанскиот Ресурсен Центар во Q1
- Присуство на 14 средби и обука (преку видео конференциски платформи) кои допринесоа за јакнење на капацитетите на организацијата
- Одржани работни/едукативни средби со организации со слични занимања, интереси и активности а кои имаат поголемо искуство (Црвен Крст, Љубезност, Ретрвитни оброк, Арно, Паблик, други) со цел:
    - Да се обезбеди увид во нивните искуства и да се избегнат евентуалните грешки при спроведувањето на нашите теренски активности
    - Да се испитаат можностите за идни соработки помежу Здруженијата

2. ПРЕДСТАВУВАЊЕ ПРОГРАМА ЗА РЕИНТЕГРАЦИЈА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЛИЦА

Донатор: Цивика мобилитас

Времетраење: Јуни – Септември, 2020

Буџет за едукација 2019 година: 211,000 МКД

Цел:

- Реален допринос кон реинтеграција на лицата во потреба во сите сфери на општествено живеење

Активности:

- Остварување соработка со представниците на Организацијата на Црвен Крст со цел да се обезбедат информации за бездомни лица кои што навистина сакаат / бараат шанса да го предизвикаат својот материјален и општествен статус
- Запознавање на лицата во потреба со досегашните социјално-претприе,мачи активности на Здружението
- Едукација на лицата во потреба за производство на биохумус, со што потенцијално полесно би дошле до можност за вработување
- Вклучување на познати експерти од повеќе сфери на општественото живеење (и пповеќе бранши) во:
    - процесот на спроведување на проектните активности, и
    - процесот на помош и поддршка на лицата во потреба

Постигнат резултат:

- Успешно (самостојно) пополнета и поднесена проектна апликација во Цивика мобилитас
- Вон целост исполнети сите цели на представената програма
- Обеезбедена целосна транспарентност кон донаторот за добиените средства и остварените резултати
- Зголемена ‘видливоста’ на Здружението со известување за проектните активности преку социјалните мрежи
- Од кандидатите кои што се приклучија на програмата, одбрани се кандидати кои што во иднина би се вклучиле кон социјално претприемачките активности на Здружението

3. СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАЧКИ АКТИВНОСТИ

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите) + Цивика Мобилитас

Времетраење: Јуни – Декември, 2020

Буџет за социјално претприемачки активности: 100,000 МКД

Цел:

- Работно ангажирање на основачите и членовите на Здружението, но и маргинализирани лица кои што сакаат да го предизвикаат својот социјален статус
- Можност за финансиска автономија на идните активности на Здружението, но и на маргинализираните лицата вклучени во социјално претприемачките активности
- Продолжеток со (теоретска и практична) надградба на знаењата и експертизата на Здружението во однос на социјално претприемачките можности и иницијативи

Активности:

- Набавка на стручна литература за производство на биохумус
- Ангажман на надворешни експерти за производство на биохумус
- **Набавка на материјали за формирање на 8 леи за производство на биохумус**
- Набавка на калифорниски црви и кравско ѓубриво за производство на биохумус
- Соодветна едукација на лицата во потреба за производство на биохумус

Постигнат резултат:

- ‘Укрупнето’ производството на биохумус (од 8 на 16 леи)
- Во пракса применети сите претходни искуства и знаења во производството на биохумус
- Зголемени можностите за идно организирано производство на биохумус и пласман на истиот на пазарот

3. ПОДГОТОВКА НА СТРАТЕГИЈА ЗА 2021

Донатор: Сопствени средства (донации од основачите)

Времетраење: Декември, 2020

Буџет за подготовка на стратегија: 10,000 МКД

Цел:

- Дефинирање на приоритетите на Здружението за 2021
- Поставување на SMART цели за 2020 година
- Договарање проверливи идикатори врз основа на кои ќе го 'мериме' имплементирањето на договорените активности

Активности:

- Имплементација на досегашните сознанија и искуства при планирање идните активности на Здружението
- Прилагодување на плановите кон актуелните состојби со КОВИД -19 пандемијата
- SWOT анализа на состојбите
- Користење на HEXAGON пристапот во планирање на активностите

Постигнат резултат:

- Детално подготвена стратегија за активностите на Здружението во 2020, која вклучува:
    - Продолжување со социјално претприемачките активности на Здружението
    - Подготовка на (барем) 6 апликации преку кои би се генерирале средства за спроведување на активностите на Здружението
    - Целосно завршување на проектите за кои (евентуално) би ги добиле, осигурувајќи 100% транспарентност пред донаторот за
        - Спроведените активности, и
        - Средствата кои што би ни биле дадени на располагање

_____

Дејан Стојановиќ

Претседател и Извршен Директор